| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Будење на природата |
| **Содржина на денот** | Кокиченце бело |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинката со другарчињата, со цел да се зачува здравјето. Правилно миење на рацете со сапун во градинка,дома и после игри во парк. |
| **Активности** | Разгледајте слики од кокиче заедно со Вашето дете, или подобро ако сте во можност да најдете вистинско кокиче. Набљудувајте, именувајте и опишувајте го. Објаснете му дека тоа е предвесник на пролетта, дека цвета и пред да се стопи снежната покривка. Поттикнете го детето само да го опишува како изгледа кокичето (стебло, зелени ливчиња и бели ливчиња). Кокичето е мало кревко растение,но истовремено доволно силно за да им пркоси на снегот и студот. Успеваат да се пробијат и да израснат величенствено на површината. Тие мали нежни цвеќиња ни ги разубавуваат зимските денови и не потсетуваат дека пролетта е на прагот.<br>Прочитајте му ја стихотворбата на Вашето дете:<br><br>Кокиченце бело<br><br>Знаете ли деца,<br>штом се топи снегот,<br>кое цвеќе цвета<br>најпрво на брегот?<br><br>Кокиче е тоа |

| | |
|---|---|
| | кокиченце бело,<br>пролетта ја носи<br>во град и во село.<br><br>Повторете ја стихотворбата неколку пати. Објаснете му ги стиховите, и обидетет се детето внимателно да Ве слуша и да го меморира текстот. Нека се обиде самостојно да ја рецитира.<br>Заедно со детето излезете на кратка прошетка и побарајте кокичиња. |